ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – СКОПЈЕ
ISHP QENDRA E SHËNDETIT PUBLIK - SHKUP

ул. 3-та Македонска бригада бр. 18 Скопје, тел. 02 / 3298 667, факс 02 / 3 298 251 www.cph.mk
rr. 3-Brigada e Tretë Maqedonase nr.18 Shkup, tel. 02/3298 667, faks 02/3298 251,www.cph.mk

# СООПШТЕНИЕ

**ДО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН**

Почитувани,

Ве известуваме дека, согласно член 5 од Законот за евиденции во областа на здравството („Сл.Весник на РМ" бр.20/2009, 53/2011 и 164/2013), Центарот за јавно здравје - Скопје е овластен носител на прибирање и обработка на здравствено–статистички податоци и евиденции во областа на здравството кои се водат во здравствените установи во Скопскиот регион.
Исто така имаме обврска да Ви укажеме и посочиме одредени недоследности во водењето на медицинската документација и евиденција.
Имено, секоја здравствена установа за дејноста што ја врши, е должна да доставува збирни и индивидуални евиденции - статистички извештаи до Центарот за јавно здравје Скопје, кој пак има законска обврска, истите да ги собира, обработува и испрати до ИЈЗ на РСМ.
Согласно член 4 од Законот за евиденциите во областа на здравството, евиденциите се водат врз основа на начелата на квалитет, ефикасност, ефективност и економичност, при што истите е потребно да се соодветни, релевантни и точни во обемот кој одговара на целите што се утврдени со овој закон.

Ве информираме и Ве замолуваме во наредниот период дека поради инсуфициентност, некомплетност и неквалитет на податоците и информациите

# LAJMËRIM

**DERI TEK INSTITUCIONET SHËNDETËSORE NË RAJONIN E SHKUPIT**

Të nderuar,

Ju njoftojmë se në pajtim me nenin 5 të Ligjit për evidencë në fushën e shëndetësisë (Gazeta zyrtare e RM" nr. 20/2009, 53/2011 dhe 164/2013), Qendra e Shëndetit Publik – Shkup është bartësi i autorizuar të përmbledhjes dhe përpunimit të të dhënave dhe evidencës statistiko- shëndetësor që udhëhiqen në institucionet shëndetësore në Rajonin e Shkupit.
Gjithashtu keni detyrim të Ju tregojmë dhe shprehim disa parregullsi të caktuar në udhëheqjen e dokumentacionit dhe evidencën mjekësore.
Në fakt secili institucion shëndetësor për veprimtarinë që e kryen, është i obliguar të dorëzon evidencë- raporte statistikore të përmbledhura dhe individuale, përmes Qendrës së Shëndetit Publik Shkup e cila ka për detyrë ligjore, të njëjtat ti përcjell deri tek ISHP i RMV.
Në pajtim me nenin 4 të Ligjit për evidencë në fushën e shëndetësisë, evidencat mbahen në bazë të parimit të cilësisë, efikasitetit, efektivitetit dhe ekonomizimit, me çka të njëjtat duhet të jetë përkatëse, relevante dhe të sakta në vëllimin që i përgjigjet qëllimeve të cilat janë përcaktuar me këtë ligj.
Ju informojmë dhe ju lusim që në periudhën e ardhshme se për shkak të insuficeinetin, moskompletimi dhe jocilësia e të dhënave dhe informacioneve nga ana e disa institucione

| | |
|---|---|
| од страна на некои здравствените установи, индивидуалните и збирните извештаи нема да бидат примени без печат на Здравствената установа за која се однесуваат податоците како и потпис од одговорното лице задолжено за водење на евиденциите од овластеното лице на соодветната установа.<br>Секое накнадно интервенирање и корегирање на податоците со телефонско јавување, нема да се зема како валидно, односно корекцијата треба да биде написмено доставена во ЦЈЗС, по e-mail или лично, но потпишана од одговорното лице на здравствената установа која ја извршила корекцијата на податоците.<br><br>Доколку не се почитува погоре споменатото, ЦЈЗС ќе постапува согласно член 48-а од Законот за евиденции во областа на здравството.<br><br>НАПОМЕНА:<br><br>Извештајот за Кадровата структура во Здравствените установи е потребно да се достави најдоцна до 05.01.2021 година по електронски пат, лично во ЦЈЗС или по пошта.<br><br>На сите извештајни обрасци, кои ќе ги доставувате потребно е да запишете име и презиме на одговорно лице, контакт телефон или e-mail адреса.<br><br>Однапред Ви благодариме.<br><br>Со почит, | shëndetësore, raportet individuale dhe përmbledhëse nuk do të pranohen pa vulë të institucionit shëndetësor për të cilën kanë të bëjnë të dhënat si dhe nënshkrim nga personi përgjegjës për udhëheqje të evidencës nga personi i autorizuar i institucionit përkatës.<br>Çdo ndërhyrje pasuese dhe korrigjimi i të dhënave me thirrje telefonike nuk do të merret si e vlefshme, gjegjësisht korrigjimi duhet të paraqitet me shkrim dhe të dorëzohet në QSHPSH, përmes e-mail ose personalisht, i nënshkruar nga personi përgjegjës i institucionit shëndetësor që ka bërë korrigjimin e të dhënave.<br><br>Nëse nuk respektohet e lartpërmendura QSHPSH do të vepron në pajtim me nenin 48-a të Ligjit për për evidencë në fushën e shëndetësisë.<br><br>VËREJTJE:<br><br>Raporti për strukturën kadrovike në Institucionet shëndetësore është e nevojshme të dorëzohen më së voni 05.01.2021 përmes mënyrës elektronike, ose personalisht në QSHPSH ose përmes postës.<br><br>Në të gjitha formularët e raporteve, të cilat do të dorëzohen është e nevojshme të shkruhet emri dhe mbiemri i personit përgjegjës, kontakt telefon ose e-mail adresë.<br><br>Paraprakisht ju faleminderit.<br><br>Me respekt, |

25.11.2020, Скопје/Shkup

В.д. Директор/u.d. Drejtor
Д-р. Спец. Besim Zeqiri